**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-607/**

# З А П И С Н И К

**Од 135-та седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 03.02.2021 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**<br>проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова,Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Косана Мазнева Николиќ,Селпин Керим,Јагнула Куновска, Ивана Трајковска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**<br>д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:**<br>Ајтен Власаку Мехмети-Директор на Македонско радио. |

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата сосотојба со Ковид кризата во државата,135-та седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 11:30 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои Дневниот ред.

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 134-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување на Информација по заклучок бр.02-138/3 од 28.01.2021 година.

3. Разгледување на Одговор од ЗАМП со бр.03-07/1 од 19.01.2021 година.

4. Разгледување на Барање од Одговорен уредник на Втор програмски сервис на МРА со бр.13-353/1 од 27.01.2021 година

5. Разгледување на Известување од Одговорен уредник на Трет програмски сервис на МРА со бр.13-5924/1 од 30.12.2021 година

6. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 134-та седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ го стави на разгледување записникот од 134-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 134-та седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ едногласно **го усвои** записникот од 134-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разгледување на Информација по заклучок бр.02-138/3 од 28.01.2021 година.**
До Програмскиот совет на МРТ беше пристигнат одговор по заклучок и во истиот беше наведено дека земајќи ги предвид обемните законски процедури и исто така, обемната документација поврзана со овој дел од работењето, а знаејќи го проблемот со малиот број вработени во одделението што ги спроведува сите административни процедури при вработување и унапредување, сторен е ненамерен превид со тоа што голем дел од документацијата од споменатиот предмет е загубена во самиот тек на постапката и дека од таа причина, не постоеја услови за поднесување на предлог за избор на кандидат по интрен оглас бр. 05/2020.

Членовите на Програмскиот совет на МРТ го разгледаа Одговорот од Директорот на МРТ со бр.03-138/4 од 02.02.2021 година,и по расправата го предложи следниов Заклучок:

• Во согласност со член 37-р од Законот за јавни претпријатија, член 70 од Законот за административни службеници и член 40 од Законот за вработените во јавниот сектор, Програмскиот совет на МРТ поднесува иницијатива до Директорот на МРТ за предлог за покренување на дисциплинска постапка за одговорност за неизвршување на работите и работните задачи на непознат сторител - вработен во ЈРП МРТ.
Со оваа предлог иницијатива предлагаме Директорот на МРТ да утврди кој вработен не ги извршил работните задачи за ненавремена достава на документите до службите за избор на кандидат по интерен оглас бр. 05/2020 и за истото лице се иницира предлог да се покрене дисциплинска постапка за евентуална негова лична одговорност.
-Заклучокот со 11 (единаесет) гласа ЗА и 1 (еден) глас Воздржан, беше **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 3:Разгледување на Одговор од ЗАМП со бр.03-07/1 од 19.01.2021 година.**
Воведен збор по оваа точка даде дирцеторката на Македонското радио Ајтен Власаку Мехмети кој објасни дека се обрати по ЗАМП по задолжението на Програмскиот совет на МРТ и истото ви е доставено до вас на разгледување.
Снежана Клинчарова посочи дека направила анализа на веб сајтот на ЗАМП и притоа добила податоци дека има 143 дела како автор, од кои повеќе од 100 дела се кратки дела (помеѓу 6 и 49 секунди), и се шпици работени од него за МРА и одат на програмата на Македонското радио,и врз основа на тоа секој ден него му течат тантиеми,кои подоцна се претвораат во пари.

Членовите на Програмскиот совет на МРТ го разгледаа Одговорот од ЗАМП со бр.03-07/1 и по расправата го предложија следниов Заклучок:
• Програмскиот совет на МРТ ја задолжува Директорката на МРА Ајтен Власаку Мехмети (присутна на седницата) уште еднаш да се обрати до ЗАМП со барање да и биде одговорено на следниве прашања:

-На кое место е рангиран Јошко Бошковски, член на ЗАМП со интернационален број 00201725609, според тантиемите, односно според бројот на негови емитувани дела во последните пет години ( 2016, 2017, 2018, 2019 и 2020 година).
-На кое место се рангирани останатите вработени во МРА кои се членови на ЗАМП.
Исто така, Директорката на МРА Ајтен Власаку Мехмети да достави информација за емитуваната музика од Јошко Бошковски на програмите на Македонското Радио за 2015, 2016 и за 2020 година,како и подетална информација заради кои и какви технички причини нема податоци за 2017 година.Дали ова значи дека од МРА не се доставени податоци и до ЗАМП за 2017 г.
-Заклучокот со 9 (девет) гласа ЗА,1(еден) Против и 2 (два) Воздржани беше **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА 4:**Разгледување на Барање од Одговорен уредник на Втор програмски сервис на МРА со бр.13-353/1 од 27.01.2021 година.**
Пред присутните беше доставено на разгледување Барањето на Одговорниот уредник на Вториот програмски сервис на МРА Зоран Мирчевски за алармантно загрижувачката ситуација во програмскиот сервис со недостатокот на вработени,и да се изнајде некое решение за ангажирање на минимум вработени, како би можело да се реализира и исполни основната инофрмативно-образовна законска обврска како јавен сервис.
Воведен збор и по оваа точка даде дирketорката на Македонското радио Ајтен Власаку Мехмети кој објасни дека сегашната состојба во Вториот програмски сервис на МРА е навистина драматична бидејќи со години наназад нема ниту едно вработено,треба уште двајца вработени да заминат оваа година во пензија и ќе биде уште по драматична.

Членовите на Програмскиот совет на МРТ го разгледаа Барањето од Одговорниот уредник на Вториот програмски сервис на МРА со бр.13-353/1 од 27.01.2021 година,и по расправата го предложија следниов Заклучок:
• Програмскиот совет на МРТ го задолжува Директорот на МРТ да организира заеднички состанок со Директорката на МРА-Ајтен Власаку Мехмети и Одговорниот уредник на Втор програмски сервис на МРА-Зоран Мирчевски, и на тој состанок итно да изнајдат решение како да ангажираат минимум неопходни вработувања за потребите на Вториот програмски сервис на МРА,како и да достави Информација до Програмскиот совет на МРТ од одржаниот состанок.
-Заклучокот беше едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА 5:**Разгледување на Известување од Одговорен уредник на Трет програмски сервис на МРА со бр.13-5924/1 од 30.12.2021 година.**
Расправата по оваа точка беше предложено и едногласно усвоено од членовите на Програмскиот совет на МРТ да се одложи и да се префли за наредна 136-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА 6:**Разно.**
По оваа точка Заменик претседателот на Програмскиот совет на МРТ Ведат Мемедалија предложи два Заклучоци:
•Програмскиот совет на МРТ го задолжува Директорот на МРТ да достави список на Програмски договори и Договори за копродукција склучени во период од месец Декември 2020 до месец Февруари 2021 година.
-Заклучокот беше едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

•Програмскиот совет на МРТ го задолжува Директорот на МРТ да достави Информација по однос на реализацијата на отворената програма по повод Светското првенство во ракомет-(Египет 2021),во која ќе биде објаснето дали истата е реализирана од страна на МРТ,и доколку не е, да се достави објаснување зошто е така постапено,како и да се достави копие од договорот за реализација.
Заклучокот беше едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

Седницата заврши во 14:00 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател